АРХИВСКИ ПРИМЕРОК

# ООУ ,,СЛАВКО ЛУМБАРКОВСКИ,, - НОВАЦИ

Архивски знак: 0102
Рок на чување: трајно
25.06.2020 година Потпис

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Општинско основно училиште
СЛАВКО ЛУМБАРКОВСКИ
БР. 01-260/1
25.06.2020 ГОД.
НОВАЦИ



# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

## ЗА РАБОТА НА УЧИЛИШТЕТО

### за учебната 2019/2020 год.

јуни, 2020 год.

***Вовед***

Извештајот за работата на ООУ„Славко Лумбарковски“ – Новаци е изработен врз основа на член 35 од Законот за основно образование (Службен весник на РСМ август, 2019 год.), Статутот на училиштето, Годишната програма за работа на училиштето за учебната 2019/2020 год., анекс програмите кои се составен дел на Годишната програма, Извештаите и укажувањата од увидите на одговорниот советник на Бирото за развој на Р. Северна Македонија ПЕ Битола, Државниот просветен инспекторат, Совет на родители и Училишниот одбор.

Извештајот за работата на училиштето опфаќа:

- Подготовки за работа на училиштето;
- Резултати од реализацијата на воспитно-образовната дејност предвидена со Годишната програма за работа на училиштето
- Прилози – табеларни прегледи

Извештајот е изработен од страна на директорот на училиштето, стручната служба и со тимска работа од страна на наставниците-односно извештаите на самите наставници.

## ***1. Лична карта на училиштето***

Општинското Основното училиште „Славко Лумбарковски“ – Новаци работи од 1956 година.

Со децентрализацијата тоа е во проширен состав кое опфаќа повеќе села од Пелагониската Котлина. Во склоп на централното училиште кое се наоѓа во с. Новаци влегуваат подрачните училишта лоцирани во следните села: Рибарци, Добромири, Горно и Долно Агларци, Далбеговци, Рапеш, Бач, Гермијан и Живојно.

| | |
|---|---|
| Име на училиштето | ***ООУ„Славко Лумбарковски“*** |
| Адреса | ***Новачки пат ББ*** |
| Општина | ***Новаци*** |
| Телефонски број | ***047/ 28 24 46*** |
| е-маил | ***slnovaci@gmail.com*** |
| Директор | ***м-р Илче Соклевски*** |
| Број на вработени | ***69*** |
| Наставен јазик | ***Македонски јазик*** |

## ***2. Подготвеност на училиштето за работа на почетокот на учебната година***

Во учебната 2019/20 година во месец јуни-август, заради подобрување на просторните услови за работа и наставата се извршени следните интервенции:

- Генерално чистење на сите простории
- Дезинфекција на санитарните јазли
- Средување на катчињата и изработки во училниците
- Средување на спортската сала
- Средување на училишен двор, чистење на дворот и одводен канал
- Збогатување на библиотечниот фонд со книги за двете библиотеки

**2.Реконструкции и инфраструктурни зафати и набавка на матријално - технички средства и опрема**

**2.1. Реконструкции и инфраструктурни зафати**

-молеро-фарбарски работи во подрачните училишта

-промена на надворешни врати на WC-та во Новаци

-нов санитарен јазол (WC) во ПУ Агларци

-реконструирана е спортската сала во ПУ Бач и замена на кровна конструкција на дел од училиштето

-санација на подот во една училница во ПУ Добромири

-инсталирање на ѕвонче за во старата зграда во Новаци

-поставување и монтирање на бојлерче и лавабо во старата зграда во Новаци

-изграден е монтажен објект за складирање и чување огревно дрво во ПУ Далбеговци

-при крај е тендерска документација поврзана со изградба на нов санитерен јазол (WC) во малата зграда во Новаци за учениците од одделенска настава

**2.2. Набавка на матријално - технички средства и опрема**

-набавени се нови печки за греење во ПУ Рибарци, Добромири и Агларци

-набавени се нови печатачи во Новаци и ПУ Гермијан

-набавени се нови ТВ приемници во Новаци и ПУ Бач

-набавена е косачка за трева во Новаци

-набавка на клима уреди за подрачните училишта

-донација од ФОД на метални клупи за седење во ЦУ Новаци

***3. Ученици***

Опфатени се 261 ученици од I (прво) до IX (деветто) одделение, распоредни во 27 паралелки. Од нив 132 ученици во 15 паралелки во одделенска настава, 129 ученици во 12 паралелки се во предметна настава.

***4. Наставен кадар***

Воспитно-образовната работа ја организираат и изведуваат: директор, помошник директор, раководител во подрачно училиште, педагог, психолог, дефектолог, библиотекар, 45 наставници и тоа: 15 наставници во одделенска настава и 31 во предметна настава а наставата се изведува на македонски јазик.

***5. Задолжителна настава***

Наставата во училиштето се изведува на македонски јазик и се реализара во една смена. За успешно реализирање на наставата навремено беше изготвена Годишната програма на училиштето, програмата на наставничкиот совет, стручните активи, совет на родители, родителските состаноци, ученичката заедница, одделенскиот раководител, подмалдокот на Црвениот крст, општествено корисна работа, здравствена заштита, беа

планирани екскурзии, проектот за разрешување на конфликти и воспитна функција на училиштето и голем број на актуелни работилници на стручната служба.

Воспитно-образованиот кадар беше соодветно застапен по сите наставни предмети. Во оваа учебна година 2019/20 се оствариja вкупно 180 работни денови, а од 15. 03. 2020 година наставата се одвиваше онлајн поради Ковид-19.

Редовната настава започна навремено и се реализира согласно Годишната програма за работа на училиштето. Согласно со Законот за основно образование во училиштето се реализира: задолжителната настава, изборната, дополнителната и додатната настава. Од состаноците со одделенските совети и наставничките совети се констатира дека наставниот материјал е целосно реализиран по сите наставни предмети. Анализата и успехот по одделенија и предмети е даден во прилог на овој извештај.

Периодично и по потреба беше разгледуван успехот и поведението на учениците на наставнички и одделенски совети, а исто така беше презентиран пред училишниот одбор.

### *5.1 Изборна настава*

Изборната наства во учебна година се реализираше преку следните наставни предмети и во следните одделенија:

| Одделение | Изборен предмет |
|---|---|
| VI | Етика на религиите |
| VII | Проекти од Информатика, Вештини на живеење |
| VIII | Проекти од Информатика, Изборен спорт |
| IX | Изборен спорт, Вештини на живеење, Програмирање |

### *5.2 Дополнителна настава*

Дополнителната настава се организира од II – IX одд. Со учениците кои имаат повремени тешкотии во учењето и заостанувaa во усвојувањето на содржините и другите задачи од еден или повеќе наставни предмети. Застапеноста и организацијата на дополнителната настава е планирана во распоредот на работното време на наставниците, каде во секоја паралелка се одржани по 36 часа.

Дополнителната настава во сите одделенија по сите наставни предмети според потребите на учениците, односно за оние ученици кои покажаа слаб успех во текот на учебната година

### *5.3 Додатна настава*

Додатната настава се реализира со учениците кои во текот на задолжителната настава постигнуваат повисоки резултати или пројавуваат и се потврдуваат со особена надареност и талентираност во одделени наставни подрачја. Содржината на додатната настава се организира според посебни програми на наставниците по секции и друштва.

Додатната настава во сите одделенија се реализира по 36 часа по сите наставни предмети според потребите на учениците, односно за оние ученици кои покажаа интерес и учествуваа на натпревари во текот на учебната година.

### *5.4 Вонннаставни активности*

#### 5.4.1 *Слободни ученички активности*

Слободните ученички активности се реализирани според предвидувањата на Годишната програма за работата на училиштето. Овие активности беа реализирани преку следните проекти:

- Избор на најдобро одржувана и уредена училница
- Училишна акција на библиотекарска секција – „Подари книга"
- Проект од сообраќајната култура -,, Почитувај ги правилата – Почитувај го животот"
- Турнири во футсал на општински и регионално ниво како и преку учество на патрони празници
- Собирни и хуманитарни акции

### *5.4.2 Ученички натпревари*

На натпреварите на кои учествуваа учениците ги освоија следните награди:

- 2 места на Државен натпревар по Библиотекарство
- 1 место на општински натпревар по Библиотекарство
- Реализирана е детска театарска претстава на 01-10-2019 година за учениците од одделенска настава

На други натпревари учениците не учествуваат поради Корона вирусот Ковид-19.

### *5.4. 3 Ученички ексурзии*

Беше изведена една ученичка екскурзија од научно-наставен карактер со посета на манастирот Света Богородица во Новаци, а останатите планрани екскурзии не се реализираа поради состојбата со пандемијата од Ковид 19.

### *5.4.4 Грижа за здравјето на учениците*

Покрај планираните активности во вид на разни предавања извршени се и систематски

Прегледи и вакцинации на учениците од I-IX одд според календарот на имунизација на Школска медицина-Битила.

Според предвидените активности во Годишната програма беа реализирани активности од различни области како што се:

- СИДА, заштита од грип, превенција од жолтица, вошки, сипаници
- Редовна хигиена предуслов за здравјето – предавање во врска со појавата на Ковид-19
- Редовни вакцинации и систематски прегледи на учениците
- Работилници- „Пороците на современто живеење"
- Работилница – „ Физичките и психичките промени кај учениците од петто и шесто одделение"

## *6. Планирање и унапредување на воспитно-образовната програма*

**Изготвената Годишна програма за работа на училиштето** ги содржеше соодветно поставените основи на програмирање и планирање на воспитно-образовната дејност според упатствата и правилникот на МОН.

**Педагошката евиденција и документација** водена е според постојните правилници на МОН, истопреку редовни извештаи на комисијата за следење на е-дневникот и книжниот дневник се вршеше контрола на водењето на евиденцијата и документацијата од страна на директорот и стручната служба.

Навремено се изработени годишни програми за работа, тематско-процесни планирања по наставните предмети од страна на наставниците.

## *6.1 Проекти за унапредување на воспитно-образовната програма*

Во училиштето се реализираат следните проекти:

- Активна настава – интерактивно учење
- Унапредување на наставата по природната група на предмети и унапредувањето на оценувањето по предметна и одделенска настава
- Здравствено образование – здрава исхрана
- Инклузија на деца со посебни потреби
- Проект за меѓутеничка интеграција во образованието
- Проект за примена на асистивната технологија
- Интегрирана еколошка едукација – реализација на проект на МОН
- Проект за антикорупциско образование

Тимот за професионален развој на крајот на учебната година започна со реализација на работилници кои ќе продолжат и во наредната учебна година, а целта е секој наставник да ги усовршува своите компетенции во сите подрачја на воспитно-образовниот процес.

Наставниците од училиштето учествуваа на обуките организирани интерно и од БРО, и општината Новаци.

Од страна на педагогот организирана е интерна обука за ,,Диференцирана настава и диференцирани задачи,,

## *7. Соработка со локалната заедница и совет на родители*

**7.1 Соработката со локалната заедница** се одвивање во правец на реализација на следните проекти:

- Контакти од страна на директорот на училиштето
- Сообраќајна култура -,,Почитувај ги правилата – почитувај ги правилата“
- Реконструкција и санирање на подрачни училишта

**7.2 Соработка со совет на родители –** како член на Училишниот одбор и претседател на Совет на родители со својата ангажираност и посветеност во животот на училиштето се истакнаа повеќе родители кои во оваа учебна година учествуваа во многу проекти на училиштето.

## *8. Следење и реализација на наставата и наставниот процес*

Во функција на унапредувањето на наставата и наставниот процес од страна на директорот и стручната служба беше извршена посета на часови, со цел увид на

педагошката евиденција, реализацијата на наставата, контрола на воспитната функција на училиштето, збогатување на наставниот процес со нови пристапи и др.

Од страна на ДПИ беше извршена инспекциска контрола преку следење на часови, проверка на водење на педагошка евиденција во е-дневник и одделенскиот дневник за работа, а исто така се извршени увиди за запишаните ученици во прво одделение и вработените приправници со позитивни извештаи.

Активности кои дадоа придонес за вреднување и унапредување на воспитно-образовната дејност беа:

- Успешно реализирање на проектите кои се реализираат во училиштето
- Измените и дополнувањата во сите програмски структури на училиштето
- Измени и дополнувања за работа со проблем деца и деца со посебни потреби и потешкотии во учењето
- Постојаната грижа за стучнотото усовршување на наставниот кадар
- Грижа за здравјето на учениците
- Поголема посветеност на училишните натпревари од страна на наставниците
- Активно учество на сите субјекти во остварувањето на воспитно-образовната работа
- Успешно вклучување на наставниците во организација и реализација на онлајн наставата поради појавата на пандемијата Ковид-19

### *9. Успехот на учениците на крајот на учебната година*

На крајот на учебната година учениците го постигнаа следниот успех и поведение:

| Одделение | Среден успех |
|---|---|
| IV | *3,89* |
| V | 4,27 |
| VI | 4.08 |
| VII | 3,78 |
| VIII | 3,78 |
| IX | 4,10 |

Постиганиот успех од IV – IX одд. е **4,09**, во однос на изминататите учебни години можеме да бидеме задоволни.

### *10. Заклучи согледувања и предлог мерки за подобрување на состојбите*

Како извесни слабости кои се дијагностицирани и на кои треба да им се обрне внимание се:

- Намален интезитет на вонннаставните активности
- Недоволно учество на одделени наставници во стручните активи
- Намален интензитет на остварување на одделни наставници во одделни проекти
- Користење на различни пристапи во наставата – користење на други ресурси надвор од литертаурата која се користи

Активности кои понатаму ќе бидат планирани со цел подобрување на воспитно-образовната работа се:

- Поцелосно, посеопфатно планирање на годишните програми за работа, тематско-процесни планирања
- Активно учество на сите субјекти во остварување на воспитно-образовната работа

- Успешно реализирање на сите проекти во наставата и воннаставните активности
- Реконструкација, обновување и градежни зафати на училишни објекти
- Зголемена активност и соработка со локалната средина
- Интерни семинари, работилници и десиминации
- Учество на регионални, општински и државни натпревари
- Ученичкио портфолио во предметна настава
- Користење на различни техники, стратегии во наставниот процес
- Користење на различни видови на инструменти за оценување
- Во зависност од состојбата со пандемијата на Ковид-19 обезбедување на ресурси за реализација на онлајн наставата.
- Интерни обуки за онлајн настава за учениците и наставниците

**23.06.2020 год.**

**Новаци**

**Директор**

**м-р Илче Соклевски**